Врз основа на член 10, став (11) од Законот за субвенционирање на станбен кредит („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/11), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК
## за начинот и постапувањето за избор на корисници на субвенциониран станбен кредит

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапувањето за избор на корисници на субвенциониран станбен кредит.

### Член 2

Министерството за финансии спроведува постапка за избор на корисници на субвенциониран станбен кредит по објавен јавен повик за пријавување на граѓаните за добивање субвенциониран станбен кредит и по добивање на одлуките за пред-одобрување на субвенциониран станбен кредит од сите деловни банки.

### Член 3

Изборот на корисници на субвенциониран станбен кредит се врши со користење на електронски систем.

### Член 4

Избор на корисници на субвенциониран станбен кредит се врши според висината на коефициент, кој се пресметува со следната формула:

$$К = \frac{МП}{ОП} \cdot П + \frac{МСК}{БСК} \cdot (1 - П)$$

каде што:

*К* - вредност на коефициентот

*МП* - максимален износ на вкупен месечен приход, согласно Законот за субвенционирање на станбен кредит

*ОП* - остварен вкупен просечен месечен приход на барателот за последните шест месеци, односно вкупни просечни месечни приходи на барателот и неговиот брачен другар за последните шест месеци

*МСК* - максимална субвенционирана вредност на станбен кредит, согласно Законот за субвенционирање на станбен кредит

*БСК* - баран износ на субвенциониран станбен кредит

*П* - пондер

Пондерот се утврдува во износ од 0,65.

**Член 5**

Електронскиот систем ги подредува барателите на субвенциониран станбен кредит во зависност од висината на коефициентот од член 4 на овој правилник редоследно од највисокиот кон пониските коефициент.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 13-1982/3
06.02. 2012 година
Скопје

**МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ**
**М-р Зоран Ставрески**